SPARKASSE Bank



# Се грижиме за вашите лични податоци

# Се грижиме за вашите лични податоци

**Шпаркасе Банка АД Скопје**, како дел Steiermärkische Sparkasse Групацијата е правно лице кое согласно Законот за заштита на личните податоци и одредбите на Општата регулатива за заштита на лични податоци (GDPR) и важечките прописи е дефинирано како Контролор кој ги собира, обработува, користи и анализира личните податоци.

Банката како Контролор е високо свесна за важноста што ја имаат личните податоци за секоја индивидуа. Согласно на тоа, целосно го почитува правото на приватност на своите клиенти при обработката на нивните лични податоци во согласност со Законот за заштита на личните податоци и одредбите на Општата регулатива за заштита на лични податоци (GDPR).

**Лични податоци кои ги обработува Банката и изворите од кои ги добива**

Банката ги обработува личните податоци кои ги добива лично од Вас во оригинална форма при склучувањето и во текот на траењето на деловниот однос. Дополнително, и колку што е потребно за обезбедување на услугите, Банката обработува лични податоци кои може да се обезбедат и се дозволени за обработка од јавно достапни извори (на пр., Кредитен регистар, Агенција за катастар на недвижности, Управа за јавни приходи, КИБС АД Скопје, извршители, нотари, кредитни бироа, Финансиска полиција, Јавно обвинителство, како и други институции регулирани со Законот за банки или кои се пренесени од трети лица овластени со закон).
Личните податоци вклучуваат податоци (име, презиме, адреса, ЕМБГ, податоци за контакт, датум и место на раѓање и државјанство), податоци кои се однесуваат на идентификација (на пр., копија од документот за лична идентификација) и податоци за автентикација (на пр., примерок на потпис), занимање и професија (потврда за редовен работен однос). Ова исто така може да се прошири на други податоци (на пр., инструкции за плаќање), податоци од исполнување договорни обврски, информации во врска со финансиска состојба (на пр., податоци во врска со кредитоспособност, кредитни рангирања на изворот на средства), податоци од регистри, податоци за користење дигитални медиуми (на пр. време на пристап на интернет страницата на Банката, интернет - страници кои се посетени и сл.) и други податоци кои може да се споредат со овие категории.

**За кои цели се користат личните податоци и информации ?**

Вашите лични податоци што ги прибира Банката можат да се користат за следново:

- Да Ве идентификува со цел да Ви ја обезбеди потребната информација во врска со користењето на производите и на услугите на Банката. За таа цел Шпаркасе банка врши идентификација на своите клиенти преку соодветни документи за лична идентификација – лична карта или пасош, како и документ за потврда на трансакцијата и сл., согласно важечката законска регулатива, особено Законот за спречување на перење пари, Закон за платен промет итн., без можност да постапи поинаку;
- Воспоставување на деловен однос - отварање трансакциска сметка;
- Аплицирање, одобрување и исплата на кредитен продукт;
- Да Ви пружи помош при поплаки или при проблеми во врска со користењето на производите и на услугите на Банката;
- Да Ви обезбеди повратна информација и искажување на Вашето мислење во врска со производите и со услугите на Банката;
- Да ја разгледа можноста за Ваше вработување доколку аплицирате за работа во Банката преку веб – страницата;
- Да Ве контактира со цел презентирање на промотивни понуди - директен маркетинг:
- Да Ве контактира со цел вршење истражување на пазарот.

## Правен основ за обработка лични податоци во Банката

Банката врши обработка на Вашите лични податоци врз основ на:

- исполнување на **договорни обврски**, како и заради превземање на активности на барање на субјектот на лични податоци пред негово пристапување кон склучување на договор,
- исполнување на **законски обврски на Банката**
- **легитимен интерес** на Банката
- **согласност на клиентот** - Доколку не постои ниту договор, ниту законска обврска или легитимен интерес, обработката на податоците сепак може да биде законска доколку сте ни дале согласност да го сториме тоа. На пример согласност да ве контактираме за целите на директен маркетинг. Дадената согласност можете да ја повлечете во секое време со поднесување на писмено Барање за повлекување на согласност.

## Корисници на лични податоци

Пристап до лични податоци имаат овластени лица вработени во организационите единици во Банката, како и ангажирани лица заради исполнување на договорните и законските обврски, или кои имаат легитимен интерес.
Банката може да дава информации за клиентите само ако тоа претставува законска обврска, договорна обврска или доколку клиентот има дадено согласност за тоа, како и за потребите и целите на ревизија, пристап до податоците може да имаат банкарски ревизори и ревизори на годишните финансиски извештаи, доколку тоа е неопходно за ревизорската активност

## Рокови на чување лични податоци во Банката

Банката обработува и чува лични податоци онолку колку што е потребно за исполнување на нејзините договорни и законски обврски кои произлегуваат од Законот за банки, Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Законот за архивско работење итн. Временските рокови спецификувани во овие закони и регулативи за чување евиденција и/или документација можат да бидат од пет до десет години по завршување на деловниот однос со клиентот. Доколку законската регулатива наложува и подолго чување на податоците, Банката постапува и чува податоци и подолго од десет години, согласно законските барања.

## Пренос на лични податоци во трети земји

Вашите личните податоци ќе бидат пренесени во трети земји (земји на ЕУ, како и земји надвор од ЕУ) само ако тоа се бара заради извршување налози (налози за плаќање, налози во врска со хартиии од вредност и брз трансфер на пари), доколку е предвидено со закон/пропис или врз основа на дадена согласност или легитимен интерес на Банката, како и пренос во рамките на Групацијата на која банката и припаѓа, надвор од матичната земја;

## Обврска за доставување лични податоци до Банката

Во рамките на воспоставен деловен однос, Вие како наш клиент или иден клиент имате законска обврска до Банката да доставите лични податоци кои се потребни за отпочнување и извршување на деловниот однос, односно исполнување на соодветните договорни обврски. Согласно Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, Банката има посебна обврска за идентификација на клиентот пред воспоставување на деловниот однос (да ги обезбеди и евидентира податоците, како што се име, презиме, место и датум на раѓање, државјанство, адреса и други податоци за идентификација, како и копија од документот за лична идентификација), и да ги ажурира на определени временски интервали документите за идентификација за цело времетрање на деловниот однос.

# Се грижиме за вашите лични податоци

Во случај на одбивање на достава на потребиот личен податок Банката нема да го воспостави деловниот однос.

**Права на субјектите за заштита на личните податоци**

Банката како контролор има воспоствено принципи и механизми за транспарентно остварување на правата на субјектите на личните податоци согласно Законот Според Законот за заштита на личните податоци, базичните права за заштита на лични податоци се:

- право на транспарентност и информираност;
- право на пристап до лични податоци;
- право на исправка на вашите неточни лични податоци како и дополнување на вашите нецелосни лични податоци со давање на дополнителна изјава;
- право на бришење на вашите лични податоци доколку се исполнети законските условите за тоа;
- право на ограничување на обработката на вашите лични податоци;
- право на преносливост на вашите лични податоци од страна на банката на друг контролор; доколку се исполнети условите во согласност со Законот за заштита на лични податоци;
- право на приговор;
- право да не биде предмет на одлука заснована единствено на автоматизирана обработка, вклучувајќи профилирање;
- повлекување на претходно дадена согласност;

За сите прашања и остварување на своите права субјектот на личните податоци може да достави Барање/Приговор и да ја контактира Банката преку:

- e-mail адресата contact@sparkasse.mk - со назнака за Офицерот за Заштита на личните податоци,
- директно на e-mail на Офицерот за Заштита на личните податоци: privacy.protection@sparkasse.mk
- по пошта адресата на Банката ул. „Васил Иљоски“ бр.14, 1000 Скопје – со назнака за Офицер за заштита на личните податоци
- директно во една од нашите екзпозитури.

Образец на Барање и Приговор може да се преземе од веб – страницата на Шпаркасе банка, како и во печатена форма во секоја експозитура.

Банката откако ќе го утврди идентитетот на подносителот на барањето во предвидениот рок ќе достави информација за преземените активности врз основа на членовите од 16 до 26 од Законот за заштита на личните податоци до субјектот на личните податоци без непотребно одложување во законски предвидениот рок од 30 дена. Доколку е потребно овој рок може да биде продолжен до три месеци земајќи ги предвид сложеноста и бројот на барањата. Во тој случај контролорот ќе го информира субјектот на личните податоци за секое продолжување  во рок од еден месец од денот на приемот на барањето, заедно со причината за одложувањето.

Приговор може да се упати и директно на регулаторното тело Агенцијата за заштита на лични податоци (за повеќе информации видете на www.dzlp.mk).

За дополнителни информации контактирајте го нашиот Офицер за заштита на лични податоци Блаженка Мицевска Пејкова на тел. +38923200507,и е- mail: privacy.protection@sparkasse.mk или нашиот Контакт центарот на телефонскиот број 02 15 050.

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје, ул. Васил Иљоски 14, 1000 Скопје, www.sparkasse.mk**